Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 792/2022
Дата.....04.-05-.2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Свети Николе се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) со моќност до 10 MW на КП 440, КП 441, КП 443, КП 448, КП 449, КП 450, КП 453, КП 454, КП 455, КП 456, КП 459, КП 460, КП 461, КП 462, КП 463, КП 464, КП 465, КП 466, КП 467, КП 470, КП 471, КП 472, КО Амзабегово-вон гр. Општина Свети Николе.**

Површината на предметниот опфат изнесува 11,31ha.

Во непосредна близина на планскиот опфат има издадено:

-Услови за планирање на просторот за изработка на УПВНМ за изградба на електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово, Општина Свети Николе со тех. бр. Y06219 и издадено Решение бр. УП1- 15 825/2019 од 11.06.2019 год.

-Услови за планирање на просторпот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) на КП 475, КП 474, дел од КП 477 и дел од КП 385/7, КО Амзабегово вон гр., Општина Свети Николе со тех. бр. Y36921 и издадено Решение под бр. УП1-15 456/2022 од 17.03.2022 год.

Видот на планската документација да се усогласи со законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторниот план на Република Македонија.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y13122** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) со моќност до 10 MW на КП 440, КП 441, КП 443, КП 448, КП 449, КП 450, КП 453, КП 454, КП 455, КП 456, КП 459, КП 460, КП 461, КП 462, КП 463, КП 464, КП 465, КП 466, КП 467, КП 470, КП 471, КП 472, КО Амзабегово-вон гр. Општина Свети Николе, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) со моќност до 10 MW на КП 440, КП 441, КП 443, КП 448, КП 449, КП 450, КП 453, КП 454, КП 455, КП 456, КП 459, КП 460, КП 461, КП 462, КП 463, КП 464, КП 465, КП 466, КП 467, КП 470, КП 471, КП 472, КО Амзабегово-вон гр. Општина Свети Николе, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

6. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за **предметната документација за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) со моќност до 10 MW на КП 440, КП 441, КП 443, КП 448, КП 449, КП 450, КП 453, КП 454, КП 455, КП 456, КП 459, КП 460, КП 461, КП 462, КП 463, КП 464, КП 465, КП 466, КП 467, КП 470, КП 471, КП 472, КО Амзабегово-вон гр. Општина Свети Николе**, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Општина Свети Николе**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 42096 од 28.03.2022 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) со моќност до 10 MW на КП 440, КП 441, КП 443, КП 448, КП 449, КП 450, КП 453, КП 454, КП 455, КП 456, КП 459, КП 460, КП 461, КП 462, КП 463, КП 464, КП 465, КП 466, КП 467, КП 470, КП 471, КП 472, КО Амзабегово-вон гр. Општина Свети Николе. Површината на проектниот опфат изнесува 11,31 ha.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање (“Сл. весник на РСМ” бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) со моќност до 10 MW на КП 440, КП 441, КП 443, КП 448, КП 449, КП 450, КП 453, КП 454, КП 455, КП 456, КП 459, КП 460, КП 461, КП 462, КП 463, КП 464, КП 465, КП 466, КП 467, КП 470, КП 471, КП 472, КО Амзабегово-вон гр. Општина Свети Николе и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 792/2022 од 26.04.2022 година.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка (“Сл. весник на РМ” бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на **Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) со моќност до 10 MW на КП 440, КП 441, КП 443, КП 448, КП 449, КП 450, КП 453, КП 454, КП 455, КП 456, КП 459, КП 460, КП 461, КП 462, КП 463, КП 464, КП 465, КП 466, КП 467, КП 470, КП 471, КП 472, КО Амзабегово-вон гр. Општина Свети Николе** и одлучи како во диспозитивот.

**Упаство за правно средство:** Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
**Nebi Rexhepi**

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Соња Фурнаџиска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk